ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

# МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2021-2025)

**Период на следење:**
2024 година

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

**Наслов:**
МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА РАЗВОЈ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2021-2025)
Период на следење: 2024 година

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права

**Претставуван од:**
проф. д-р Неда Здравева

**Уредничка:**
Уранија Пировска

**Авторка:**
Александра Трајановска

**Лектор:**
Виолета Танчева - Златева

**Година на издавање:**
2025

**Место на издавање:**
Скопје

**Број на страници:**
32

**Графички дизајн:**
Масива Креативна Агенција

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МЗМП и Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

**ЛИСТА НА УПОТРЕБЕНИ КРАТЕНКИ** ....5
**ВОВЕД** ....6
**ЗА ПРОЕКТОТ** ....8
**МЕТОДОЛОГИЈА** ....10
**НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО** ....13
**Легислатива – Законска рамка во полето на извршувањето на алтернативни санкции и мерки** ....13
Резултат 1.1. Анализа на потребите од измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции ....13
Резултат 1.2. Измени на законската рамка за да се зголеми бројот на изречени алтернативни санкции и мерки ....13
Резултат 1.2.1. Да се прошири применливоста на општокорисната работа во Кривичниот законик ....14
Резултат 1.2.2. Поголема употреба на алтернативни санкции во Законот за кривична постапка....14
Резултат 1.2.3. Да се продолжи периодот под надзор и поддршка за лицата на условен отпуст од страна на пробациската служба ....14
Резултат 1.3. Измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба ....14
Резултат 1.4. Комплетни и ажурирани подзаконски акти за практично извршување на алтернативните санкции и работење на пробациската служба ....15
Резултат 1.5. Анализа на потребите од измени на законската рамка и работните процедури за поддршка на пробациската служба и на алтернативните санкции во предметите со малолетничка правда ....15
**Институционална рамка за функционирање на пробациската служба – функционални канцеларии** ....16
Резултат 2.1. Во функција се 15 пробациски канцеларии и ги покриваат пробациските работи за подрачјата на сите судови ....16
Резултат 2.2. Понатамошно развивање на стандардните работни процедури во пробациската служба ....16
Резултат 3.1. Зголемување на бројот на вработени стручни лица во секторот за пробација на централно и локално ниво ....16
Резултат 3.2. Воспоставување на тренинг-центар и буџет за обука на пробациската служба и за соработка со други релевантни тренинг-центри и академии ....17

Резултат 3.3. Развиен годишен план за обуки на пробациските службеници кој редовно се ажурира ....17
Резултат 3.4. Редовни основни обуки ќе се спроведуваат за сите пробациски службеници ....18
Резултат 3.5. Развивање и изготвување на посебни обуки и за специфични видови на клиенти ....18
Резултат 3.6. Заеднички обуки за воспоставување и подобрување на соработката на релевантните институции ....18
Резултат 3.7. Обука за обучувачите ....18
**Постапување – Унапредување на постапувањето и зголемување на бројот на алтернативни мерки и санкции** ....19
Резултат 1.2.4. Да се зголеми бројот на алтернативни санкции и да се намали бројот на обжалените алтернативни санкции ....19
Резултат 4.3. Зголемен број на пресуди за општокорисна работа ....19
**Меѓуинституционална соработка во полето на пробација** ....24
Резултат 5.2. Одржување на редовни тркалезни маси на централно ниво и во сите подрачја со претставници на правосудните органи и со партнерите од мрежата на соработници ....24
Резултат 5.3. Воспоставени се протоколи за соработка и листи на партнери за соработка и се ажурираат редовно ....24
Резултат 5.4. Понатамошно изготвување на меморандуми за соработка со општините и со другите јавни претпријатија за вршење на општокорисна работа ....24
Резултат 5.5. Воспоставување на редовни тркалезни маси на пробациската и затворската служба во сите подрачја, во рамки на казненопоправните установи и дефинирање на стандардни работни процедури за соработка со казненопоправните институции ....25
**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ....26
Recommendations for improving the system of alternative sanctions and probation in the Republic of North Macedonia ....27
Legal framework for alternative sanctions and measures ....27
Institutional framework and capacities of the probation service ....27
Handling and application of alternative measures ....27
Inter-institutional cooperation and civil society organizations ....28
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ....29
**Анекс 1 – Матрица за мониторинг** ....30

# ЛИСТА НА УПОТРЕБЕНИ КРАТЕНКИ

**КЗ** – КРИВИЧЕН ЗАКОНИК

**ЗКП** – ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА

**РСМ** – РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УИС** – УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

**ССРСМ** – СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЈОРСМ** – ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ГО** – ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

**ЕНЕР** – ЕЛЕКТРОНСКИ НАЦИОНАЛЕН РЕГИСТАР НА ПРОПИСИ НА РСМ

**СОП** – СТАНДАРНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ

# ВОВЕД

Пробациската служба е посебна организациска единица формирана во рамките на Управата за извршување на санкции при Министерството за правда. Службата спроведува надзор над извршувањето на казните без лишување од слобода, поточно над алтернативните мерки: условна осуда со заштитен надзор, општокорисна работа и куќен затвор, како и над извршувањето на условниот отпуст, изречени со одлука на судовите. Пробациската служба врши надзор на осудените лица и им нуди поддршка, а целта е да се одржи безбедноста во заедницата со подобрување на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на лицата над кои се извршуваат пробациски работи, како и да се намали затворската популација. Исто така, пробациската служба е надлежна за изработка на извештаи за извршена проценка на ризик на обвинети лица во тек на судска постапка, со предлог за видот на кривичната санкција за обвинетиот. Пробациската служба претставува суштински дел од системот на современата кривична правда и има за цел да придонесе за намалување на пренатрупноста во затворскиот систем, истовремено давајќи соодветни казни за прекршителите, предизвикувајќи ги да го променат нивниот начин на живот.

Во 2021 година беше изработена Стратегијата за развој на пробациска служба во РСМ 2021 – 2025 (во натамошниот текст: Стратегијата), која предвидува широк спектар на резултати што треба да се постигнат од страна на повеќе надлежни институции. Стратегијата претставува еден сеопфатен стратешки документ кој дава патоказ за реформите што треба да се направат во наредниот период.

Целта на оваа анализа е да се испита подетално спроведувањето на Стратегијата и да се воспостави и спроведе независен систем на мониторинг. Самата пробација, всушност, значи воспоставување ефикасен систем на санкции и заштитни механизми што придонесуваат за намалување на криминалитетот, зголемување на заштитата на општеството и на јавната безбедност, како и за ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица.

Во 2024 година спроведувањето на Стратегијата предвидува изготвување и донесување прописи (закони, законски измени и други акти), спроведување на конкретни активности (на пример, зголемување на човечките и техничките капацитети на пробациската служба и сл.), како и меѓуинституционална соработка во полето на пробација (одржување на тркалезни маси со релевантни институции, квартални средби итн.).

Со Акцискиот план на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија се утврдени активностите во рамките на секоја цел и секој резултат утврдени со Стратегијата, а дополнително се утврдени и временска рамка и индикатори за нивно исполнување. Во таа насока, целта на оваа анализа е да процени дали, во колкава мера и на кој начин се одвива примената на Стратегијата за периодот за кој е предвидена. Дополнително, анализата ќе оцени дали резултатите и активностите се спроведуваат навремено, во согласност со временската рамка, каков е нивниот квалитет и динамиката, како и меѓуинституционалната соработка во полето на пробацијата. Од друга страна, ќе се анализира и влијанието на реформите врз почитување на човековите права, па во согласност со добиените резултати од мониторингот на Стратегијата, Анализата ќе понуди и заклучоци и препораки за натамошен развој на пробациската служба.

Набљудувањето, како независен систем за мониторинг, ќе придонесе за поголема отчетност на надлежните институции кои се одговорни за спроведување на конкретните активности утврдени во Стратегијата.

# ЗА ПРОЕКТОТ

Овој документ е изработен во рамки на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“, финансиран од Европската Унија. За целите на проектот беше склучен Меморандум за соработка меѓу Хелсиншкиот комитет за човекови права, Македонското здружение на млади правници, Македонското пенолошко друштво, Здружението за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанции ИЗБОР и Управата за извршување на санкции.

**Општа цел** на проектот е намалување на рецидивизмот и ранливоста на осудените лица по нивното отпуштање на слобода, преку зајакнување на политиките и сервисите за нивна ресоцијализација, реинтеграција и постпенална грижа во согласност со најдобрите меѓународни и европски стандарди.

**Специфични цели** кон кои се стреми проектот:

- Да се подобрат квалитетот и достапноста на услугите за пенална и постпенална заштита, со цел ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, претходно осудени лица, како и лица кон кои се извршуваат пробациски работи;
- Да се зголемат капацитетот и меѓуинституционалната соработка меѓу казненопоправните установи, судовите, пробациските службеници, центрите за социјална работа и други даватели на услуги за ресоцијализација, пробација и постпенална заштита;
- Да се подобрат правната рамка и политиките за ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, претходно осудени лица, како и лица кон кои се извршуваат пробациски работи врз основа на истражување и најдобри практики.

Целите на проектот ќе бидат остварени преку меѓусебно поврзан збир од три компоненти: **Обезбедување услуги** што вклучува активности за воспоставување на национална служба за поддршка за ресоцијализација и рехабилитација на затворениците во партнерство меѓу ГО и УИС, која ќе обезбеди поддршка пред и по ослободувањето (правна, психосоцијална, кариерна и третман на зависност).

Преку оваа компонента со проектот ќе се пилотира програма за олеснување на вработувањето на поранешните затвореници, во соработка со Агенцијата за вработување и со бизнис-секторот.

Компонентата **Градење капацитети и вмрежување** предвидува развој на наставна програма и материјали за обука, спроведување на програма за обука за судии, затворски советници, пробациски службеници, социјални работници и даватели на услуги, организирање регионални работилници за дефинирање на условите за интеринституционална соработка и воспоставување и обезбедување поддршка на три локални меѓуинституционални тимови за координирана постпенална поддршка. Следењето на развојот на пробациската служба во РСМ 2021 – 2025 е дел од третата компонента **Рамка за истражување и политика,** во која, исто така, ќе се даде поддршка за изготвување на два СОП, организирање конференции и изготвување документи за политики.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Целта на оваа анализа е да се испита подетално примената на Стратегијата и да се воспостави и спроведе независен систем на мониторинг. Дополнително, во таа насока со анализата ќе се процени дали, во колкава мера и на кој начин се одвива спроведувањето на Стратегијата за периодот за кој е предвидена. Ќе оцени дали резултатите и активностите се имплементираат навремено, во согласност со временската рамка, каков е нивниот квалитет и динамика и меѓуинституционалната соработка во полето на пробацијата. Од друга страна, ќе се анализира влијанието на реформите врз почитување на човековите права, па во согласност со добиените резултати од мониторингот на Стратегијата, ќе се извлечат главните заклучоци за тоа што е спроведено, а што е пропуштено, и кои се главните пречки за тоа, а ќе се понудат и препораки за натамошна имплементација на Стратегијата.

Фокусот на следење се четири теми, и тоа:

- Легислатива – Законска рамка во полето на извршување на алтернативни санкции и мерки;
- Институционална рамка – Институционална рамка за функционирање на пробациската служба – функционални канцеларии;
- Постапување – Унапредување на постапувањето и зголемување на бројот на алтернативни мерки и санкции;
- Меѓуинституционална соработка во полето на пробацијата.

Во рамките на овие четири елементи, според однапред утврдена матрица за следење (Анекс 1), предмет на мониторинг ќе бидат:

- Оценка на спроведување на резултатите;
- Оценка на спроведување на активностите;
- Оценка на динамиката на спроведување на конкретните активности;
- Оценка на нивото на инклузивност на клучните чинители;
- Оценка на квалитетот и соодветност на спроведените активности;
- Оценка на влијанието врз човековите права на секоја активност.

Мониторингот, како независен систем за следење, ќе придонесе за поголема отчетност на надлежните институции кои се одговорни за спроведување на конкретните активности утврдени во Стратегијата. Исто така, со него ќе се оценат реализацијата на очекуваните резултати поставени во Стратегијата и реализацијата на активностите предвидени во Акцискиот план во врска со четирите теми што се предмет на мониторинг.

Мониторингот ќе се спроведува преку неколку подактивности.

## 1. Собирање податоци

Податоците ќе бидат собирани на повеќе начини, и тоа преку:

- преглед и анализа на документи, стратегии, закони, подзаконски акти, извештаи од областа на пробацијата;
- барања за слободен пристап до информации од јавен карактер кај релевантните институции (Управа за извршување санкции, пробациски канцеларии, судови);
- полуструктурирани интервјуа и целни групи со пробациски службеници, судии и лица под пробација, со Управата за извршување санкции, како и со други релевантни институции.

## 2. Известување и објавување

Како резултат на мониторингот ќе бидат изготвени и објавени шест извештаи, со преглед на клучните наоди од процесот на следење. Од извештаите ќе бидат изработени инфографикони, со цел полесно прикажување на добиените наоди од мониторингот.

## 3. Промоција на наодите

Извештаите ќе бидат споделени со релевантни институции и ќе бидат јавно достапни на веб-страницата на проектните партнери.

## 4. Дискусија за наодите

Наодите од секој извештај ќе бидат презентирани пред клучните засегнати страни на тркалезни маси. Секоја институција ќе биде поканета да даде повратна информација за наодите на извештајот. Настаните ќе обезбедат сите релевантни институции да бидат свесни за степенот на имплементација на стратегијата, како и за проблемите што може да влијаат врз реформите во пробацискиот сектор.

## 5. Реагирање/Застапување

По исклучок, доколку се идентификуваат одредени конкретни наоди кои бараат итни и неодложни акции, ќе се подготват известувања до сите релевантни институции и ќе се преземат активности на застапување за утврдување на проблемите.

Третиот извештај ќе ги анализира резултатите и активностите што се однесуваат на четирите теми, односно што биле предвидени да се спроведат во текот на 2024 година. Со Акцискиот план на Стратегијата за развој на пробациската служба во РСМ се утврдени активностите во рамки на секоја цел и резултат утврдени со Стратегијата, како и временска рамка и индикатори кои Министерството за правда, Управата за извршување на санкции, канцелариите на пробациската служба и други правосудни органи требало да ги спроведат во 2024 година.

Овој е третиот и финален извештај од серијата извештаи и тој е подготвен според истата методологија како и претходните два извештаја, кои ги опфаќаа периодот за 2021 и 2022 година и за 2023 година.

# НАОДИ ОД СЛЕДЕЊЕТО

## Легислатива – Законска рамка во полето на извршување на алтернативни санкции и мерки

**Резултат 1.1. Анализа на потребите од измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции**

Овој резултат од Стратегијата[1] е исполнет во периодот 2021 – 2022 година, кога од страна на работната група била направена анализата на потребите од измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", по одржувањето на четирите тркалезни маси на тема „Анализа на потребите од измена на законската регулатива", за која има подготвено извештај. Пробациската служба има дадено предлози до работните групи кои работат на измени и дополнувања на КЗ и ЗКП и потребно е да се усвојат промените во системските закони, па потоа Законот за пробација да се усогласи со нив.

**Резултат 1.2. Измени на законската рамка за да се зголеми бројот на изречени алтернативни санкции и мерки**

Во делот на развивање на законската рамка во полето на извршување на алтернативните санкции и мерки, Стратегијата предвидува да се направат измени и дополнувања на Кривичниот закон и на Законот за кривична постапка. Овие промени ќе бидат врз основа на анализи изработени од формираната работна група и предлог-листата од Твининг-проектот „Зајакнување на пенитенцијарниот систем и развој на пробациската служба", кој бил имплементиран во периодот 2018 – 2020 година од страна на УИС. Оваа листа се однесува на резултатите дадени во продолжение на текстот (Резултат 1.2.1; Резултат 1.2.2; Резултат 1.2.3).

[1] Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021 – 2025).

**Резултат 1.2.1. Да се прошири применливоста на општокорисната работа во Кривичниот законик**

Во периодот на следење заклучно со 2024 година, сè уште не се донесени законските измени на Кривичниот законик кои се однесуваат на проширување на применливоста на општокорисната работа, со цел да се зголеми можноста во оваа мерка да се вклучат и повратниците кои автоматски се исклучени од алтернативните санкции.

**Резултат 1.2.2. Поголема употреба на алтернативни санкции во Законот за кривична постапка**

Измените и усогласувањата на Законот за кривична постапка со Кривичниот законик се, исто така, дел од резултатите предвидени со Стратегијата, со цел двата закона да се усогласат во делот на употребата на алтернативните санкции и мерки. Во текот на 2024 година сè уште не се донесени овие законски измени.

**Резултат 1.2.3. Да се продолжи периодот под надзор и поддршка за лицата на условен отпуст од страна на пробациската служба**

Праксата покажува дека, во најголем број случаи, временската рамка од 3 месеци е премногу куса за да може пробациската служба да даде ефикасна поддршка и надзор над лицата кои се пуштени на условен отпуст со заштитен надзор. За таа цел, Стратегијата предвидува измени во Кривичниот законик со кои ќе биде предвиден подолг период на поддршка и надзор на пробациската служба, за да се намали ризикот од рецидивизам и да се спроведе ефикасна поддршка заради успешна ресоцијализација на осудените лица. Овој резултат во периодот на следење на Стратегијата сè уште не е исполнет во целост.

**Резултат 1.3. Измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба**

Во 2024 година беа предвидени измени и дополнувања на Законот за пробација со кои ќе се зајакне положбата на пробациските службеници и ќе се прошири опсегот на употребата на пробациската служба во кривичните постапки и во извршувањето на санкции. Процесот е започнат и е формирана работна група во ноември 2024 година.

**Резултат 1.4. Комплетни и ажурирани подзаконски акти за практично извршување на алтернативните санкции и работење на пробациската служба**

Овој резултат предвиден во Стратегијата ќе почне да се имплементира кога ќе се направат предвидените законски измени во Законот за пробација.

**Резултат 1.5. Анализа на потребите од измени на законската рамка и работните процедури за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции во предметите со малолетничка правда**

Пробациската служба, во согласност со Законот за пробација, работи само со возрасни сторители на кривични дела. Стратегијата предвидува анализа за потенцијалното проширување на надлежностите на службата и на малолетничка правда, меѓутоа овие активности се одложени за да се зајакне прво положбата на пробациската служба во казненопоправниот систем. За успешна анализа на потребите од измена на законската рамка и работните процедури за поддршка на пробацијата и алтернативните санкции за малолетници, потребно е да бидат вклучени и меѓународните организации кои работат на човековите права, детските права и владеење на правото. Оттука, би сакале да истакнеме дека овој резултат од Стратегијата не е исполнет во периодот на следење во 2024 година.

## Институционална рамка за функционирање на пробациската служба – функционални канцеларии

**Резултат 2.1. Во функција се 15 пробациски канцеларии, кои ги покриваат пробациските работи за подрачјата на сите судови**

Пробациската служба брои 11 функционални пробациски канцеларии, кои се воспоставени заклучно со 2022 година. Во текот на 2024 година немаше отворање на преостанатите канцеларии кои се предвидени со Стратегијата за развој на пробациската служба. Она што можеме да го нагласиме како значајно е што на годишно ниво можеме да забележиме раст на пробациските предмети, па така за 2023 година тој број изнесувал 483 пробациски предмети, а во 2024 година тој број изнесува 793 пробациски предмети. Бројките речиси двојно се зголемени, што не беше случај во минатите години на следење.

**Резултат 2.2. Понатамошно развивање на стандардните работни процедури во пробациската служба**

Со оглед на тоа дека измените и дополнувањата на Законот за пробација се во процес на работа, не е исполнет овој резултат од Стратегијата. Со цел да се пристапи кон развивање на стандардните работни процедури, потребно е прво да стапат на сила измените на Законот за извршување и на Законот за пробација. Во рамките на Твининг-проектот „Зајакнување на пенетенцијарниот систем и развој на пробациската служба“ биле изработени процеси и протоколи за работа на пробациската служба.

**Резултат 3.1. Зголемување на бројот на вработени стручни лица во секторот за пробација на централно и локално ниво**

Во согласност со методологијата на вработување, пробациската служба треба да има вкупно 90 пробациски службеници кои ќе бидат ангажирани во период 2021 – 2025 година. Во 2024 година пробациската служба брои 29 пробациски службеници.

| ПРОБАЦИСКА КАНЦЕЛАРИЈА | ПОМЛАДИ СОРАБОТНИЦИ | ВИШИ СОРАБОТНИЦИ | СОВЕТНИЦИ | АРХИВАР ЗА ПРОБАЦИЈА | РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОБАЦИСКИ РАБОТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Сектор за пробација во УИС | 1 | 2 | / | / | 1 |
| Скопје | 5 | 1 | 3 | 1 | / |
| Куманово | 2 | / | 1 | / | / |
| Битола | 2 | / | / | / | / |
| Струмица | / | 1 | / | / | / |
| Штип | 2 | / | / | / | / |
| Охрид | 1 | / | / | / | / |
| Велес | 1 | / | / | / | / |
| Прилеп | 2 | / | / | / | / |
| Кавадарци | 1 | / | / | / | / |
| Гевгелија | / | / | / | / | / |
| Тетово | 3 | / | / | / | / |
| **ВКУПНО** | 19 | 4 | 4 | 1 | 1 |

* Во пробациската канцеларија во Гевгелија нема ангажирано вработен и за предметите на тоа подрачје постапува пробациската канцеларија од Струмица.

**Резултат 3.2. Воспоставување на тренинг-центар и буџет за обука на пробациската служба и за соработка со други релевантни тренинг-центри и академии**

Тренинг-центарот за обуки на УИС е воспоставен и е ставен на располагање за спроведување на обуки за вработените на пенитенцијарниот систем, меѓу кои е и пробациската служба. Во годишниот план за обуки на УИС предвидени се повеќе основни обуки за нововработени пробациски службеници и една континуирана обука.

**Резултат 3.3. Развиен годишен план за обуки на пробациските службеници, кој редовно се ажурира**

Со цел зајакнување на капацитетите и вештините на пробациските службеници, Стратегијата предвидува изготвување на годишен план за обуки од страна на УИС. Планирани се посебни модули кои ќе бидат дел од програмата за обука на вработени во пенетенцијарниот систем. Дел од пробациските службеници се обучени да работат во Тренинг-центарот, нема назначено посебно вработени лица.

**Резултат 3.4. Редовни основни обуки ќе се спроведуваат за сите пробациски службеници**

Стратегијата предвидува одржување на основни и на посебни обуки за пробациските службеници. Во 2024 година, во рамките на проектот „Поддршка за владеење на правото“, се реализирала обука за сторители кои се зависници од дрога, алкохол и коцкање за сите пробациски службеници. Дополнително, 13 пробациски службеници кои се дел од работната група ПР поминале обука за комуникација во време на криза и интервју со медиуми.

**Резултат 3.5. Развивање и изготвување на посебни обуки и за специфични видови клиенти**

Во 2024 година се одржале две специјализирани обуки во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“. Првата обука била за високоризични сторители за сите пробациски службеници, а втората обука била за работа со немотивирани лица под пробациски надзор за сите пробациски службеници.

**Резултат 3.6. Заеднички обуки за воспоставување и подобрување на соработката на релевантните институции**

Во 2024 година, во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешно осудени лица“, кој го имплементираат МЗМП, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Македонско пенолошко друштво и Здружението „Избор“, пробациските службеници учествувале на регионални заеднички обуки со вработени од секторите за ресоцијализација и центрите за социјална работа.

**Резултат 3.7. Обука за обучувачите**

Во 2024 година, 10 пробациски службеници поминале обука за обучувачи, која се реализирала во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“.

# Постапување – Унапредување на постапувањето и зголемување на бројот на алтернативни мерки и санкции

**Резултат 1.2.4. Да се зголеми бројот на алтернативни санкции и да се намали бројот на обжалените алтернативни санкции**

Пробацијата како иднина на затворскиот систем предвидува казната затвор да е последно решение и наместо него да се користат расположливите алтернативни санкции и мерки, со цел реинтеграција и ресоцијализација на осудените лица.

Во таа насока, Стратегијата предвидува носење на препораки од Судскиот совет на РСМ, со кои ќе се поттикнува и промовира изрекување на повеќе алтернативни казни со цел намалување на пренатрупаноста во затворите, како и одржување на тркалезни маси со кривични судии и обвинители за да се промовира изрекувањето на алтернативните казни, посебно општокорисната работа. Стратегијата, исто така, предвидува и донесување на Упатства од страна на Јавниот обвинител на РСМ за да се избегнат непотребните и непродуктивните жалби, со што ќе се искористат алтернативните мерки и процедури и ќе се промовираат алтернативните казни. Од страна на ССРСМ, во периодот на следење на Стратегијата, не се издадени препораки со кои би се промовирале алтернативните казни и санкции, односно такви активности кои ги предвидува Стратегијата воопшто не се препознаени ниту создадени од страна на Советот. Од страна на ЈОРСМ не се издадени предвидените Упатства за користење на алтернативните мерки, ниту, пак, ЈОРСМ анализира податоци за број на предмети по кои судот издал решенија за алтернативни мерки. На крајот, ЈОРСМ не располага со конкретни податоци за број на одржани тркалезни маси и број на ЈО кои учествувале на такви настани.

**Резултат 4.3. Зголемен број пресуди за општокорисна работа**

Општокорисната работа претставува современа алтернативна санкција во кривичната правда, која има за цел не само да ја намали затворската популација туку и да овозможи активно вклучување на сторителите во заедницата. Преку извршување општествено корисни задачи без паричен надоместок, оваа мерка поттикнува рехабилитација, ресоцијализација и одговорност, придонесувајќи кон позитивни општествени промени.

Стратегијата предвидува зголемен број на пресуди за општокорисна работа, како и

како и нејзина промоција преку тркалезни маси во сите региони, со учество на релевантни чинители (судии, обвинители, Академија за судии и јавни обвинители) и состаноци со претседатели на судови, ССРСМ и ЈОРСМ. Исто така, Стратегијата предвидува склучување на поголем број меморандуми за соработка за вршење на општокорисна работа во подрачја каде што има пробациски канцеларии. Во периодот на следење на Стратегијата во 2024 г., пробациската служба склучила меморандум за соработка со здружението на граѓани ХЕРА за извршување на пробациски работи.

Во понатамошниот текст е даден детален приказ на бројот на пресуди со алтернативни мерки (општокорисна работа, условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена и куќен затвор) за 2024 година, како и број на обжалени пресуди со изречени алтернативни мерки од страна на основните судови во РСМ.

Од приказот можеме да забележиме дека бројот на изречени пресуди со алтернативни мерки е висок, за 2024 година изнесува 4.703 изречени пресуди. Кога станува збор за изречени пресуди за вршење на општокорисна работа, бројот е многу низок, односно незначителен, а особено во однос на бројот на пресуди со условна осуда. Според податоците добиени од основите судови, вкупниот број на изречени пресуди за општокорисна работа за 2024 година изнесува 7 пресуди (6 пресуди во ОС Струмица и 1 пресуда во Основен кривичен суд Скопје). Општокорисната работа имаше значително голема употреба во 2021 – 2022 година, кога светот беше погоден со пандемијата на ковид-19 – во 2021 година беа изречени 71 пресуда за општокорисна работа, а во 2022 година вкупно 30 пресуди.

Бројот на пресуди со условна осуда – кој изнесува 4.250 пресуди за 2024 година – покажува можност за поголемо изрекување на пресуди условна осуда со заштитен надзор, за сторителите на кривични дела да не бидат начелно ослободени од санкција, туку соодветно на стореното дело би добиле помош, грижа, надзор или заштита од страна на пробациската служба.

Законот предвидува изрекување и судска опомена како алтернативна санкција за кривични дела за  кои е пропишан затвор до една година или парична казна, а се сторени под такви олеснувачки околности кои ги прават особено лесни.[2] Од статистичките податоци можеме да забележиме дека бројката за 2024 година изнесува 55 изречени судски опомени (пробациската служба не е надлежна во случај на изречени судски опомени).

Согласно  првично  добиените податоци за изречени пресуди со алтернативни мерки

[2] Кривичен законик – Пречистен текст (заклучно со „Службен весник на РМ“ бр. 55 од 2013).

од страна на Основен суд Тетово беа добиени податоци дека за 2024 година бројот на изречени пресуди со куќен затвор изнесува 80 пресуди и покрај тоа што условите за мониторинг и спроведување на оваа мерка сè уште не се воспоставени. Меѓутоа според статистичките податоци добиени од пробациската служба се покажа дека тие досега не спровеле надзор на иречен куќен затвор. Поради разликата која се доби во статистистичките податоци, од Основен суд Тетово со потвторно Барање за слободен пристап до инфомрации беа добиени нови податоци кои потврдија дека за 2024 година нема изречено алтернативна мерка куќен затвор.

Од статистичките податоци добиени од основите судови на РСМ, можеме да забележиме дека во пракса сè уште во релативно голем број се обжалуваат пресудите со изречени алтернатвни мерки и санкции (во 2024 година биле обжалени 958 пресуди).

Во продолжение, исто така, е даден детален приказ на бројот на пробациски предмети за 2024 година, поделен според видот на изречени пробациски мерки. Бројот на пробациски предмети расте на годишно ниво – во 2023 г. бројката изнесува 483 пробациски предмети, која значително е зголемена во 2024 година, кога достигнува 793 пробациски предмети. Бројот на пробациски предмети за условна осуда со заштитен надзор бележи пораст, односно изнесува 331 предмет во споредба со 2022 година, кога имало 175 предмети.

Споредувајќи ги статистичките податоци добиени од основните судови во РСМ за број на изречени пресуди со алтернативни мерки (општокорисна работа, условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена и куќен затвор) и статистичките податоци добиени од Секторот за пробација за бројот на пробациски предмети, се забележува разлика во вкупниот број на предмети. На пример, бројот на пробациски предмети со условна осуда со заштитен надзор за изнесува 331 предмет, додека бројот на изречени пресуди за условна осуда со заштитен надзор изнесува 391 предмети. Оваа забелешка исто така се однесува и на статистичките податоци добиени од страна на Основен суд Тетово во однос на бројот на изречени алтернативни санкции со куќен надзор.

Исто така, треба да се забележи фактот дека бројот на предмети за проценка на ризик во тек на судска постапка бележи пораст – во 2024 година изнесува 166 судски предмети, додека во 2023 година имало 90 предмети. Иако овој резултат не е предвиден за следење во Стратегијата, сепак добро е да се забележи дека овој пораст укажува на зголемената доверба на судовите во улогата на пробациската служба и нејзиниот придонес кон праведно и ефикасно спроведување на судските одлуки. Меѓутоа мора да се забележи дека 154 од тие предмети се во Основниот кривичен суд Скопје, што укажува на недоволна примена кај останатите судови во државата.

## Пресуди со изречени алтернативни санкции во 2024 година

| ОСНОВЕН СУД | ОПШТОКОРИСНА РАБОТА | УСЛОВНА ОСУД | УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР | СУДСКА ОПОМЕНА | КУЌЕН ЗАТВОР | ВКУПНО | ОБЖАЛЕНИ ПРЕСУДИ СО ИЗРЕЧЕНИ АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Куманово | 0 | 331 | 1 | 2 | 0 | 334 | 40 |
| Основен суд Кочани | 0 | 122 | 0 | 1 | 0 | 123 | 23 |
| Основен суд Штип | 0 | 145 | 0 | 3 | 0 | 148 | 1 |
| Основен суд Кичево | 0 | 231 | 8 | 2 | 0 | 241 | 43 |
| Основен суд Прилеп | 0 | 418 | 17 | 18 | 0 | 453 | 63 |
| Основен суд Тетово | 0 | 330 | 9 | 1 | 0 | 340 | 72 |
| Основен суд Гостивар | 0 | 161 | 1 | 1 | 0 | 163 | 24 |
| Основен суд Радовиш | 0 | 64 | 0 | 0 | 0 | 64 | 9 |
| Основен суд Велес | 0 | 152 | 21 | 1 | 0 | 174 | 44 |
| Основен суд Свети Николе | 0 | 69 | 0 | 2 | 0 | 71 | 15 |
| Основен суд Кавадарци | 0 | 153 | 0 | 2 | 0 | 155 | 31 |
| Основен суд Битола | 0 | 466 | 6 | 6 | 0 | 478 | 95 |
| Основен суд Дебар | 0 | 41 | 0 | 0 | 0 | 41 | 5 |
| Основен суд Делчево | 0 | 30 | 0 | 0 | 0 | 30 | 9 |
| Основен суд Ресен | 0 | 49 | 0 | 1 | 0 | 50 | 8 |
| Основен суд Берово | 0 | 31 | 0 | 0 | 0 | 31 | 11 |
| Основен суд Кратово | 0 | 17 | 0 | 0 | 0 | 17 | 2 |
| Основен суд Крива Паланка | 0 | 88 | 0 | 0 | 0 | 88 | 5 |
| Основен суд Крушево | 0 | 17 | 0 | 0 | 0 | 17 | 0 |
| Основен суд Гевгелија | 0 | 138 | 0 | 0 | 0 | 138 | 21 |
| Основен суд Неготино | 0 | 64 | 0 | 0 | 0 | 64 | 17 |
| Основен суд Струга | 0 | 62 | 0 | 1 | 0 | 63 | 30 |
| Основен суд Струмица | 6 | 196 | 14 | 5 | 0 | 221 | 18 |
| Основен суд Охрид | 0 | 178 | 1 | 2 | 0 | 181 | 109 |
| Основен суд Виница | 0 | 40 | 0 | 1 | 0 | 41 | 6 |
| Кривичен суд Скопје | 1 | 657 | 313 | 6 | 0 | 977 | 257 |
| **ВКУПНО** | 7 | 4250 | 391 | 55 | 0 | 4703 | 958 |

## Број на пробациски предмети во 2024 година според видот на изречената пробациска мерка

| ЛОКАЛНА ПРОБАЦИСКА КАНЦЕЛАРИЈА | ПРОЦЕНКА НА РИЗИК ВО ТЕК НА СУДСКА ПОСТАПКА | УСЛОВНА ОСУДА СО ЗАШТИТЕН НАДЗОР | ОПШТОКОРИСНА РАБОТА | НАДЗОР НАД УСЛОВНО ОТПУШТЕНИ ОСУДЕНИ ЛИЦА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 154 | 239 | 1 | 85 | 479 |
| Битола | 3 | 9 | 0 | 21 | 33 |
| Тетово | 3 | 13 | 0 | 67 | 83 |
| Штип | 3 | 3 | 0 | 14 | 20 |
| Велес | 0 | 5 | 1 | 11 | 17 |
| Куманово | 1 | 6 | 0 | 18 | 25 |
| Прилеп | 0 | 14 | 0 | 12 | 26 |
| Охрид | 1 | 4 | 0 | 6 | 11 |
| Струмица | 0 | 19 | 5 | 22 | 46 |
| Гевгелија | 0 | 1 | 0 | 8 | 9 |
| Кавадарци | 0 | 1 | 0 | 20 | 20 |
| **ВКУПНО** | 166 | 331 | 6 | 290 | 793 |

# Меѓуинституционална соработка во полето на пробацијата

**Резултат 5.2. Одржување на редовни тркалезни маси на централно ниво и во сите подрачја со претставници на правосудните органи и со партнерите од мрежата на соработници**

За натамошен развој на пробациската служба суштинско значење има соработката со правосудните органи. Затоа и Стратегијата предвидува одржување на редовни тркалезни маси со сите релевантни чинители од правосудниот систем, како и со партнерите од мрежата на соработници (општините, центрите за социјална работа, агенциите за вработување, невладините организации и сл.).

Во период 2024 година, во соработка со МЗМП, Македонско пенолошко друштво, Станица ПЕТ, Здружение „Избор“ и Хелсиншкиот комитет за човекови права, биле одржани три тркалезни маси, од кои две во Скопје и една во Прилеп. На нив присуствувале претседатели на судови, судии, јавни обвинители, затворски и пробациски службеници, порфесори и претставници на други релевантни институции кои соработуваат со пробациската служба. На тркалезните маси се разговарало за намалување на затворската пренатрупаност, за условен отпуст и електронски мониторинг, како и за унапредување на пробациската служба. Од дискусиите произлегле заклучоци и препораки за натамошната работа на сите засегнати страни.

**Резултат 5.3. Воспоставени се протоколи за соработка и листи на партнери за соработка, кои се ажурираат редовно**

Вмрежувањето на пробациската служба има суштинско значење за добро водење на пробациските предмети, па во таа насока потребно е редовно ажурирање на протоколите за соработка, како и на листата на партнери. Во однос на овој резултат од Стратегијата нема спроведени дополнителни активности во перидот на следење. Управата води евиденција на сите склучени меморандуми за соработка и редовно ја ажурира, меѓутоа тие не се јавно достапни на веб-страната на УИС. Исто така, Управата прави мапирање на партнери за соработка од заедницата на локалните пробациски канцеларии.

**Резултат 5.4. Понатамошно изготвување на меморандуми за соработка со општините и другите јавни претпријатија за вршење на општокорисна работа**

Со цел понатамошно развивање на работата на пробациската служба, Стратегијата предвидува изготвување и потпишување на нови меморандуми со други партнери (општини, јавни претпријатија) за вршење на општокорисна работа. Во периодот на следење, Управата склучила меморандум за соработка со Здружение на граѓани ХЕРА во делот на извршување на пробациски работи.

**Резултат 5.5. Воспоставување на редовни тркалезни маси на пробациската и затворската служба во сите подрачја, во рамки на казнено-поправните установи и дефинирање на стандардни работни процедури за соработка со казнено-поправните институции**

Во 2024 година пробациските службеници учествувале на регионални заеднички обуки со вработени од секторот за ресоцијализација и од центрите за социјални работи во рамките на проектот „Воспоставување на услуги во заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешно осудени лица“. Исто така, затворски службеници учествувале на три тркалезни маси, на кои се разговарало за намалување на затворската пренатрупаност, за условен отпуст и електронски мониторинг, како и за унапредување на пробациската служба.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Спроведување на активностите и резултатите предвидени со Стратегијата е во тек, со одредени подобрувања во навременоста и динамиката на спроведување. Особено се забележува напредок во зголемувањето на капацитетите и експертизата на пробациските службеници, како и зголемување на свеста за значењето на пробацијата како алтернатива на затворските казни. Анализата покажува дека меѓуинституционалната соработка е на задоволително ниво, но постои простор за унапредување, особено во координацијата меѓу судовите, пробациската служба и затворските институции. Зголемувањето на транспарентноста и отчетноста меѓу чинителите е клучен чекор за поефективна имплементација на стратегиските цели.

Иако во Основниот кривичен суд во Скопје се бележи пораст на примената на алтернативни санкции, како што е условна осуда со заштитен надзор, судовите во останатите делови на државата сѐ уште не ги користат овие можности во доволна мера. Потребно е да се охрабрат судиите низ целата држава за почесто изрекување на алтернативни санкции, со цел намалување на затворската популација и за зголемување на ефектите од ресоцијализацијата.

Иако постојат предизвици, Стратегијата претставува солидна основа за понатамошно унапредување на пробациската служба. Со посветено исполнување на нејзините цели, може да се постигне значителен напредок во модернизацијата на казненоправниот систем, намалувањето на пренатрупаноста во затворите и подобрување на владеењето на правото во земјата.

Иако не постои совршен механизам за решавање на состојбата со пренатрупаноста на затворската популација, која е на загрижувачка ниво, Стратегијата претставува добра појдовна основа која може да се придонесе за општо реформирање на казненопоправниот систем во целина и кон намалување на пренатрупаноста на затворите. Особено треба да се земат предвид предизвиците и научените лекции од имплементација на оваа Стратегија кога ќе се подготвува наредната Стратегија за развој на пробациската служба, која е од огромно значење за унапредување на пенетенцијарниот систем во државата.

Овие заклучоци претставуваат јасен патоказ за натамошно планирање и дејствување во развојот на пробациската служба, како и за унапредување на нејзината улога во правосудниот систем на Република Северна Македонија.

# Препораки за унапредување на системот на алтернативни санкции и пробација во Република Северна Македонија

**Законска рамка за алтернативни санкции и мерки**

- Законот за извршување на санкции, Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и Законот за пробација, да се усогласат со современите европски стандарди.
- Воведување на одредби кои ќе ги регулираат користењето на електронскиот надзор, критериумите за примена, правата и обврските на осудените лица, како и процедурата за мониторинг и известување.
- Вклучување на меѓународни организации кои работат во областа на човековите права за подготовка на анализи и препораки за подобрување на законодавството во областа на алтернативните санкции и малолетничката правда.

**Институционална рамка и капацитети на пробациската служба**

- Да се отворат преостанатите пробациски канцеларии во Гостивар, Кочани, Кичево и Струга за целосно национално покривање.
- Зголемување на буџетот за нови вработувања и зајакнување на постојните капацитети на пробациската служба.
- Развивање на тренинг-центар за обука со посебен буџет, кој ќе организира редовни обуки за пробациски службеници, како и за вработени во затворите.
- Континуирано одржување на обуки за управување со емоции, техники на интервјуирање, мотивациски разговори и работа со специфични категории осудени лица.

**Постапување и примена на алтернативни мерки**

- Судскиот совет да донесе препораки за судиите за поттикнување на изрекувањето алтернативни казни.
- Јавниот обвинител да издава упатства за поддршка на алтернативни мерки, наместо покренување жалби кои не придонесуваат за ефикасност на системот.
- Судиите да применуваат условна осуда со заштитен надзор како мерка која обезбедува надзор и рехабилитација.
- Продолжување на времетраењето на условниот отпуст со заштитен надзор за постигнување реални промени кај сторителите.

  Унапредување на статистичкото следење на изречените алтернативни мерки за подобра транспарентност и анализа на нивната примена.

**Меѓуинституционална соработка и граѓански организации**

- Зголемување на бројот на меморандуми за соработка со општините и со јавните претпријатија за обезбедување општокорисна работа.
- Поттикнување на граѓанските организации да развиваат долгорочни специјализирани програми за сторители на кривични дела, вклучително и семејно насилство, радикализација и зависности.
- Редовно ажурирање и објавување на листата на соработници и меморандуми на веб-страницата на Управата за извршување на санкции.
- Формирање на мултисекторски тимови во затворите за подготовка на индивидуални планови за осуденици кои излегуваат на условен отпуст со заштитен надзор.

Овие препораки имаат за цел да го зајакнат системот на алтернативни санкции, да ја зголемат ефикасноста на пробациската служба и да придонесат за поефикасно и хумано работење со сторителите на кривични дела.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021 – 2025)

2. Кривичен законик – Пречистен текст (заклучно со „Службен весник на РМ“ бр. 55 од 2013)

3. Закон за кривична постапка („Службен весник на РМ“ бр. 150 од 18.11.2010 година)

4. Нацрт-акциски план на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021 – 2025)

# Анекс 1 – Матрица за мониторинг

| **ЛЕГИСЛАТИВА<br>ЗАКОНСКА РАМКА ВО ПОЛЕТО НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА АЛТЕРНАТИВНИ САНКЦИИ И МЕРКИ** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** |
|---|---|---|---|---|---|
| Резултат 1.1.<br>Анализа на потребите од измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба и алтернативните санкции | | | | | |
| Резултат 1.2.<br>Измени на законската рамка за да се зголеми бројот на изречени алтернативни санкции и мерки | | | | | |
| Резултат 1.2.1.<br>Да се прошири применливоста на општокорисната работа во Кривичниот законик | | | | | |
| Резултат 1.2.2.<br>Поголема употреба на алтернативни санкции во Законот за кривична постапка | | | | | |
| Резултат 1.2.3.<br>Да се продолжи периодот под надзор и поддршка за лицата на условен отпуст од страна на пробациската служба | | | | | |
| Резултат 1.3.<br>Измени на законската рамка за поддршка на пробациската служба | | | | | |
| Резултат 1.4.<br>Комплетни и ажурирани подзаконски акти за практично извршување на алтернативните санкции и работење на пробациската служба | | | | | |
| Резултат 1.5.<br>Анализа на потребите од измени на законската рамка и работните процедури за поддршка на пробациската служба и на алтернативните санкции во предметите со малолетничка правда | | | | | |
| **ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА<br>ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРОБАЦИСКАТА СЛУЖБА – ФУНКЦИОНАЛНИ КАНЦЕЛАРИИ** | | | | | |
| Резултат 2.1.<br>Во функција се 15 пробациски канцеларии и ги покриваат пробациските работи за подрачјата на сите судови | | | | | |
| Резултат 2.2.<br>Понатамошно развивање на стандардните работни процедури во пробациската служба | | | | | |
| Резултат 3.1.<br>Зголемување на бројот на вработени стручни лица во секторот за пробација на централно и на локално ниво | | | | | |
| Резултат 3.2.<br>Воспоставување на тренинг-центар и буџет за обука на пробациската служба и за соработка со други релевантни тренинг-центри и академии | | | | | |
| Резултат 3.3.<br>Развиен годишен план за обуки на пробациските службеници кој редовно се ажурира | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Резултат 3.4.<br>Редовни основни обуки ќе се спроведуваат за сите пробациски службеници | | | | | |
| Резултат 3.5.<br>Развивање и изготвување на посебни обуки и за специфични видови на клиенти | | | | | |
| Резултат 3.6.<br>Заеднички обуки за воспоставување и подобрување на соработката на релевантните институции | | | | | |
| Резултат 3.7.<br>Обука за обучувачите | | | | | |
| **ПОСТАПУВАЊЕ<br>УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПУВАЊЕТО И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ И САНКЦИИ** | | | | | |
| Резултат 1.2.4.<br>Да се зголеми бројот на алтернативни санкции и да се намали бројот на обжалените алтернативни санкции | | | | | |
| Резултат 4.3.<br>Зголемен број пресуди за општокорисна работа | | | | | |
| **МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ВО ПОЛЕТО НА ПРОБАЦИЈА** | | | | | |
| Резултат 5.2.<br>Одржување на редовни тркалезни маси на централно ниво и во сите подрачја со претставници на правосудните органи и со партнерите од мрежата на соработници | | | | | |
| Резултат 5.3.<br>Воспоставени се протоколи за соработка и листи на партнери за соработка и се ажурираат редовно | | | | | |
| Резултат 5.4.<br>Понатамошно изготвување на меморандуми за соработка со општините и со другите јавни претпријатија за вршење на општокорисна работа | | | | | |
| Резултат 5.5.<br>Воспоставување на редовни тркалезни маси на пробациската и затворската служба во сите подрачја, во рамки на казненопоправните установи и дефинирање на стандардни работни процедури за соработка со казненопоправните институции | | | | | |

*Исполнувањето на предвидените резултати се обележани со следните бои:

- црвена боја доколку резултатот не е исполнет
- жолта боја доколку резултатот делумно е исполнет
- зелена боја доколку резултатот е исполнет (се исполнува редовно)
- портокалова боја не е применлива за периодот на следење

# МОНИТОРИНГ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА ПРОБАЦИСКА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
(2021-2025)

**Период на следење:**
2024 година

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО